РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено / Pranuar | 09-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 03 | 1646/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: Државна Комисија за спречување на корупција**
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
адреса: [redacted]
Лице за контакт: [redacted]
Телефон: [redacted]
Маил адреса: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: **Број на пријави од граѓани со сомневања за постоење на коруптивно однесување, злоупотреба на јавната функција, постоење судир на интереси за јануари и февруари 2022 година;**
**Број на покренати предмети по пријави за јануари и февруари 2022 година;**
**Број на покренати предмети по сопствена иницијатива за јануари и февруари 2022 година.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до

информација од јавен карактер.

Во 08 , 03 2022 година .

[redacted]

(доколку барањето [redacted] тиена форма)

**Burim Abazi**

---

**From:** [redacted]
**Sent:** вторник, 08 март 2022 16:04
**To:** b.abazi@dksk.org.mk
**Subject:** Барање за слободен пристап на информации од јавен карактер
**Attachments:** Baranje_DKSK.pdf

Почитувани,

Во име на [redacted] во прилог Ви го праќам Барањето за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Во очекување на Вашиот одговор.

Со почит,

[redacted]

[redacted]

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-1646/2
21-03-2022 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1646/1 од 09.03.2022 година, доставено од [redacted] Скопје го донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено, под бр. 03-1646/1 од 09.03.2022 година, доставено од [redacted] преку електронска форма (е-маил) до ДКСК **СЕ УВАЖУВА**.

Да се одговори позитивно на барањето и до барателот да се достави бараната информација на начин наведено во барањето.

Решението не содржи образложение, согласно член 90 од Законот за општата управна постапка, а во врска со член 14 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:

**Да се достави до:**
- подносителот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-1646/3
21-03-2022 г./v.

До
[redacted]

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-1646/1 од 09.03.2022 година, со кое барате:

*„Број на пријави од граѓани со сомневања за постоење на коруптивно однесување, злоупотреба на јавната функција, постоење судир на интереси за јануари и февруари 2022 година;*
*Број на покренати предмети по пријави за јануари и февруари 2022 година;*
*Број на покренати предмети по сопствена иницијатива за јануари и февруари 2022 година" Ве известуваме за следното:*

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

Во периодот за јануари-февруари 2022 година, Државната комисија во рамките на своите надлежности има оформено вкупно 104 предмети поради постоење на сомнеж за корупција и злоупотреба на јавната функција од кои 101 предмет се оформени по доставени пријави а 3 предмети по сопствена иницијатива.

Во периодот за јануари-февруари 2022 година, Државната комисија во рамките на своите надлежности има оформено вкупно 18 предмети поради постоење судир на интереси, од кои 18 предмети се оформени по доставени пријави, а по сопствена иницијатива Државната комисија нема покренати предмети. Исто така во наведениот период до Државната комисија се доставени 21 барање на мислење поради постоење на сомневање за судир на интереси.

Во периодот за јануари-февруари 2022 година, Државната комисија во рамките на своите надлежности има оформено вкупно 6 предмети од областа на евидентирањето и следењето на имотната состојба, од кои 5 предмети се оформени по доставени пријави а 1 предмет по сопствена иницијатива.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изработил: